Настаните се дел од проектите „Организирани граѓани за организирана иднина“, финансиски поддржан Меѓународниот центар Олоф Палме и „Институционално и економско зајакнување на жените и девојките од источниот регион“, финансиски поддржан од Шведската Фондација Kvinna till Kvinna. Содржината на овој настан е единствена одговорност на Гласен Текстилец – Штип и не ги одразува ставовите на Олоф Палме центарот, Фондација Kvinna till Kvinna и Шведска.

# ПРОГРАМА

Текстилијата како манифестација годинава ќе се одржи 6-ти пат по ред. Целта е да се отвори темата на локално, национално ниво, преку култура, уметност и дебати, да се склучат партнерства за започнување социјален дијалог за актуелните прашања кои ги засегаат сите, особено работниците и младите.

Настаните од општествен и уметнички карактер имаат за цел да ги поттикнат младите и работниците да се вклучат во процесите на одлучување на локално и национално ниво кои ги засегаат обичните граѓани, работниците и младите луѓе. Преку настани да и презентираме на јавноста за потребата од поддршката при застапувањето за подобрување на правата на работниците. Настан кој ќе ги принуди учесниците да ја напуштат претходната практика на удобност и да почнат да се однесуваат социјално и одговорно. Заедно да дејствуваме за неопходните промени за подобра иднина и пристоен живот. Некогаш работниците беа во центарот на културните настани, тие беа креатори на културата на нивните работни места, но сега се оставени на маргините, културно и социјално отсечени.

Насловот на Текстилијада 2022 е „Плата за живот - СЕГА И ВЕДНАШ!“. Оваа година настанот е дизајниран да ја покаже потребата за плата за живот, а не плата за преживување.

Во последните две години, светот глобално, но и нашата земја не беше исклучок, каде доживеавме кризи за кои светот не памети одамна. Од 2020 година до сега, светот се соочува со здравствена криза предизвикана од корона вирусот, подоцна енергетска криза, нафтена криза и конечно, воена криза во Украина. Последиците од сите овие кризи особено ги почувствуваа малите и сиромашни земји, каде што веќе имаше ниски плати, сериозни прекршувања на човековите и работничките права, нетранспарентни институции и синдикати во кои работничката класа не верува веќе со децении. Со кризата во Украина, голем дел од светските модни брендови дојдоа во нашите земји на Балканот и оваа година, по сите отпуштања на работници кои се случија од 2020 година, сега текстилната индустрија трпи поради недостаток на работници во овој сектор. Поради затворањето на институциите и нивното нетранспарентно и не толку одговорно работење во корист на граѓаните, искористувајќи ја кризата и прогласените вонредни и кризни состојби, покажаа дека нашиот пат кон евроинтеграциите е отежнат токму од оние кои треба да покажат одговорност, отчетност и пристап до правда за граѓаните.

Нашата цел е преку Културно-уметничкиот центар Текстил - Штип, како место за активно граѓанско учество, да ја отвориме темата и на локално и на регионално ниво за стапување во партнерства и започнување социјален дијалог за горливите теми во нашето општество. се со цел достоинствен живот на граѓаните.

-Партнери и соработници-

| **Текстилијада – 6**<br>**„Плата за живот - СЕГА И ВЕДНАШ!“** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Четвртok 06.10.2022 г.** | | | | **Локација** |
| 1 | **09.30 часот**<br><br>**Отворање на Текстилијада 6** | Откривање на уметничкото дело:<br><br>**„Работничка Клупа“ од Андреј Миневски**<br><br>**„И работниците заслужуваат пауза“** | **Домаќин:** ЗЗРП Гласен Текстилец – Штип.<br><br>**Учесници:**<br><br>- Уметник скулптор, **Андреј Миновски**;<br>- Директор на јавното претпријатие Стипион, **Игор Ефтимов**;<br>- Директор на ЈП Исар, **Трајче Здравков**;<br>- Уметнички директор на КУЦ-Текстил и Текстилијада, **Денис Ампев**.<br><br>Работничката клупа има за цел да ја прикаже состојбата со работничките права, конкретно за текстилните работници од градот Штип и источниот регион на нашата држава. Клупата ја потенцира потребата од одмор на текстилните работници и непочитувањето на нивните права од работен однос. Текстилните работници, преку пријавите до здружението Гласен Текстилец, е видливо дека тие најчесто во летниот период користат 4 до 5 дена годишен одмор наместо 20 согласно законите. Недоволниот одмор на работниците и непочитувањето на нивните права, доведува до болести и нарушено здравје. Исто така, сакаме да покажеме дека старите клупи кои се заменуваат и фрлаат не мора да завршат во отпад, туку можат да прераснат во уметнички дела доколку се рециклираат. Затоа заедно со директорите на јавните претпријатија во нашиот град кои даваат поддршка на овој настан, ќе се постават клупи каде што можат да се одморат и да покажат дека и работниците заслужуваат пауза.<br><br>*Оваа активност ќе се реализира во соработка со Јавните претпријатија на Општина Штип, а ја изработи уметникот и скулптор Андреј Миновски во соработка со ЦАЦ Центарот за современа култура. Клупата ќе биде направена од рециклирани материјали.<br><br>*Поддржано од: Меѓународниот центар Олоф Палме.* | Парк К'ртеке, (Сутлак Штип) |

-Партнери и соработници-

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Домаќин:**<br>Градоначалник на Општина Штип, г. **Иван Јорданов** | |
| 2 | **10:00 часот**<br><br>**Дебата** | Тема: **„Иглата ја храни иднината“** | **Поздравен говор: Јохан Шмит**, Шеф на тимот Европа- Олоф Палме Центар – Шведска.<br><br>**Модераторка**: **Ивана Вучкова**, Фондација Фридрих Еберт – Скопје.<br><br>**Планирани учесници**:<br>- **Марина Варадиновска**, Директор на средно текстилно училиште во Штип;<br>- **Ангел Димитров**, Организација на работодавачи;<br>- **Ацо Јаневски**, Декан на Техничкиот факултет при Штипскиот Универзитет;<br>- **Шериф Мифтари,** Директор на Центарот за стручно образование и обука;<br>- **Јоханес Хајдекер**, советник на премиерот на Република Северна Македонија;<br>- **Никола Булески**, моден дизајнер<br>- **Кристина Ампева**, Гласен Текстилец<br><br>Текстилната индустрија постои во оваа земја со децении, а оваа индустриска гранка е особено застапена во источниот регион на Македонија. По осамостојувањето на државата, македонските брендови пропаднаа, а нашата конфекција е намалена на 95% лон производство (работа за странски модни брендови), што значи ниски плати, лоши услови за работа и немање модернизирана и автоматизирана продукција. Немаме стратегија како држава за овој сектор кој сè уште придонесува за бруто домашниот производ, нема млади работници, но немаме ниту идеја да преминеме кон модернизирано производство, иновации, брендирање , домашно производство и пласман на сопствени производи. Македонија и индустријата го заслужуваат вниманието на државата за да се подобрат состојбите во овој сектор кој има потенцијал .<br><br>*Поддржано од: Фондација Фридрих Еберт – Скопје.* | Мултимедиј ален центар “Киро Глигоров“ Штип |

-Партнери и соработници-

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | **14:00 часот**<br><br>**Панел дискусија** | Тема:<br>**„Правата на жените, нивното економско зајакнување и влијанието на политиките врз нив“** | **Модератор: Виктор Митевски**, ЗМАИ – Скопје.<br><br>**Планирани учесници:**<br>- Претставничка од Реактор, истражување во акција, **Таниа Иванова**;<br>- **Мила Царовска**, поранешна министерка за труд и социјална политика;<br>- Претставник/чка од ЕСЕ Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените;<br>- Пратеничка од Собранието на РСМ **Санела Шкријељ**/СДСМ;<br>- Пратеничка од Собранието на РСМ **Благица Ласовска**/ВМРО;<br><br>Покрај толку многу закони за родова еднаквост, институции надлежни за спроведување на законите, сè уште секојдневно слушаме за поразителни состојби со правата, безбедноста и економската стабилност на жените во Македонија. Редовно се прават истражувања на здруженијата од областа на заштитата на женските права и се адресираат наодите од истите. Но, дали жените во политиката ги препознаваат овие истражувања, ја сфаќаат нивната сериозност и ги применуваат во законите, како и спроведувањето и надзорот за работата на институциите?<br><br>*Поддржано од: Фондацијата Kvinna till Kvinna.* | Мултимедијален центар “Киро Глигоров“ Штип |
| **Петок 07.10.2022** | | | | **Локација** |
| 1 | **10:30 часот**<br><br>**Дебата/Панел дискусија** | **Тема:**<br>**„Институциите и државата во криза“**<br><br>**Под-тема:**<br>**„Интеграции во ЕУ и почитување на основните права со акцент на поглавјата 23 и 24 (Затворањето и транспарентноста на институциите под прашање) и** | **Домаќин: Иван Јорданов**, градоначалник на Општина Штип.<br><br>**Модератор**: **Огнен Јанески.**<br><br>**Учесници**:<br><br>- **Јохан Шмит**, Шеф на тимот Европа-Олоф Палме Центар – Шведска.<br>- **Фатмир Битиќи**, Заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции; | Хотел “Оаза“ Штип |

-Партнери и соработници-

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **работничките права низ призмата на судскиот систем“.** | - **Јована Тренчевска**, Министерката за труд и социјална политика;<br>- **Сања Лукаревска**, Директорка на Управата за јавни приходи;<br>- **Миле Бошков**, Бизнис Конфедерација;<br><br>Македонија со години се стреми да биде дел од Европската Унија. Иако поддршката од меѓународната заедница е присутна во реформските процеси во одредени поглавја кои се неопходни за една демократска држава која претендира да биде дел од ЕУ, извештаите и анкетите покажуваат недоволни резултати на државата и нејзините институции. Пристапот до правдата на обичните граѓани е особено важен, а довербата во судските органи е само 8%, како што велат граѓаните во последните истражувања. Како ќе обезбедиме влез во семејството на ЕУ ако обичните граѓани, работници и бизнис секторот, се незадоволни од владеењето на правдата во земјата?Дополнително, потребни се навремени мерки за да опстои стопанството, а граѓаните оваа криза да ја пребродат со најмали штети која од 2020 година никако да заврши...<br><br>*Поддржано од: Меѓународниот центар Олоф Палме.* | |
| 2 | **12.30 часот**<br><br>**Потпишување на декларација за животна плата во Република Македонија**<br><br>**Дебата** | **Дебата на тема:**<br><br>**„За пристојна плата“** | **Планирани учесници:**<br>- Претседателка на Гласен Текстилец, Кристина Ампева;<br>- Претставник на ССНМ;<br>- Претставник на ССМ;<br>- Претставник на КСС;<br>- Претставник на КСОМ;<br>- Претставник на Ла Страда /Отворена порта;<br><br>**Гости:**<br>- Претседател на синдикат Слога Србија, **Жељко Веселиновиќ**;<br>- Претставник на синдикатот Хенделс од Шведска.<br><br>Видливоста и соработката на Гласен Текстилец со други здруженија и синдикати од регионот и цела Европа доведе до застапеност на европско и регионално ниво за егзистенција, особено во услови на таква | Хотел “Оаза” Штип |

-Партнери и соработници-

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | инфлација која го зафати светот, но и нашите земји, кои веќе беа познати по ниските плати и борбата на синдикатите само за покачување на минималната плата, која не е доволна ниту за плаќање на месечни сметки за струја, вода и слично. По примерот на нашите колеги од Србија кои веќе потпишаа декларација за егзистенција со други здруженија и синдикатите и ќе лобира на национално ниво за потребата од егзистенција, Гласен Текстилец ќе ги повика здруженијата и синдикатите да ја потпишат нашата декларација на овој настан „Текстилијада 6“ и ќе лобираме за правото на достоинствен живот на работниците и плата за живот, наместо досегашната реторика за покачување на минималната плата.<br><br>*Поддржано од: Меѓународниот центар Олоф Палме.* | |
| 3 | **14:00 часот**<br><br>**Промоција на весникот „Текстилец“** | **Промоција на 5-тото издание на весникот „Текстилец“.** | **Учесници: Волонтери** на Гласен Текстилец.<br><br>Како дел од овогодинешниот проект поддржан од ОПЦ, беше подготвено петтото издание на весникот “Текстилец”. Весникот ќе биде промовиран и дистрибуиран на штипските работници и граѓани од страна на волонтерите на Гласен Текстилец.<br><br>*Поддржано од: Меѓународниот центар Олоф Палме.* | Плоштад ”Слобода”- Штип |
| 4 | **19:00 часот**<br><br>**Изложба** | **Изложба на Проф. Јана Јакимовска Тема: „Плата за живот“** | **Учесници**:<br><br>- Проф. **Јана Јакимовска**;<br><br>Ова е веќе повеќегодишна соработка со професорката на Факултетот за уметност при УГД , Јана Јакимовска. Нејзината поддршка и соработка е од самиот почеток и е вткаена во активностите на Гласен Текстилец. Овој пат ќе бидат креирани дизајни на тема Плата за живот, со цел да се прикаже состојбата на работничките и потребата од подобри услови за живот, преку плата за живот.<br><br>*Во соработка со :”Дом на млади-Штип”.* | Дом на млади - Штип |

-Партнери и соработници-

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | *Поддржано од: Меѓународниот центар Олоф Палме.* | |
| **Сабота 08.10.2022** | | | | **Локација** |
| 1 | **12.00 часот**<br><br>**Литературен настан** | **Литературен настан за читање на поетски творби на тема „Плата за ЖИВОТ“**<br><br>**Основни и средни училишта од Штип**<br><br>**Во соработка со НУ - У библиотека „Гоце Делчев“ – Штип.** | Соработничка: **Ванѓе Манева.**<br><br>Ученици од основните и средните училишта од општина Штип.<br>Пет години по ред во рамките на Текстилијадата се одржува литературен конкурс на кој учествуваат млади од основните и средните училишта. Оваа година тема на конкурсот ќе биде “Плата за живот”.<br><br>*Поддржано од: Меѓународниот центар Олоф Палме.* | НУУБ Библиотека “Гоце Делчев“ Штип |
| 2 | **16.00 часот** | **Кратка посета на античкиот град и кратки едукации преку пикник до работничките права** | **Домаќин:** Гласен Текстилец и Општина Штип.<br><br>Двочасовна екскурзија до античкиот град Баргала, каде работниците ќе можат да уживаат во природата и во исто време да се дружат и да разговараат со правниот тим на здружението за придобивките од синдикат. На локацијата ќе има кратки предавања за синдикализација.<br><br>*Поддржано од: Меѓународниот центар Олоф Палме и Општина Штип.* | Антички град “Баргала“<br><br>Тргнување од пред канцеларијата на Гласен Текстилец |
| 3 | **19:00 часот**<br><br>**Изложба на стрип** | **Изложба на стрип на тема: „Супер работничка“** | **Учесници:**<br><br>- **Никола Костовски**;<br>- **Денис Ампев**.<br><br>Уметничка изложба на стрип „Супер жена работничка“ со жена херој која ќе им помогне на работниците да се изборат за своите права. Оваа супер хероина не е класичен херој кој го спасува светот, туку ќе покаже дека работниците можат да се борат за своите права на работното место без да чекаат некој супер херој да го направи тоа, потребна им е само солидарност и синдикализација. | Дом на млади - Штип |

-Партнери и соработници-

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Стрипот е дело на уметникот Никола Костовски.<br><br>*Во соработка со: "Дом на млади- Штип".*<br>*Поддржано од: Меѓународниот центар Олоф Палме.* | |
| 4 | **21.00 часот** | **Завршна забава** | Забава со DJ<br><br>*Во соработка со :"Дом на млади- Штип"*<br>*Поддржано од: Меѓународниот центар Олоф Палме.* | Дом на млади - Штип |

-Партнери и соработници-

## ЗУМ ЛИНКОВИ И ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ

Ве молиме осигурајте се дека ја имате преземено и инсталирано последната верзија од Зум апликацијата, со цел да можете непречено да го користите преводот. Преводот ќе биде обезбеден од Македонски јазик на Англиски јазик и обратно.

Линкови и информации:

**[06.10.2022]**

### 1. Дебата на тема: „Иглата ја храни иднината“:

Topic: дебата на тема: „Иглата ја храни иднината“. Debate on the topic: "The Needle Feeds the Future".

Time: Oct 6, 2022 10:00 Sarajevo, Skopje, Zagreb

Join Zoom Meeting https://us06web.zoom.us/j/82850698738?pwd=OW1tZEh2eEt5TENDdUJhTWVIa3pZdz09

Meeting ID: 828 5069 8738 Passcode: 1006

### 2. Панел дискусија на тема: „Правата на жените, нивното економско зајакнување и влијанието на политиките врз нив“:

Topic: панел дискусија со тема: „Правата на жените, нивното економско зајакнување и влијанието на политиките врз нив“. Panel discussion on the topic: “Women's rights, their economic empowerment and the influ

Time: Oct 6, 2022 14:00 Sarajevo, Skopje, Zagreb

Join Zoom Meeting https://us06web.zoom.us/j/85871443569?pwd=OGgzaURrU0E2eXZWYlphN2xyN0xSZz09

Meeting ID: 858 7144 3569 Passcode: 0610

**[07.10.2022]**

### 1. Панел дискусија на тема: Тема: „Институциите и државата во криза“. Под-тема: „Интеграции во ЕУ и почитување на основните права со акцент на поглавјата 23 и 24 (Затворањето и транспарентноста на институциите под прашање) и работничките права низ призмата на судскиот систем“.

Topic: дебата/панел дискусија, тема: „Институциите и државата во криза“

Time: Oct 7, 2022 10:30 Sarajevo, Skopje, Zagreb

Join Zoom Meeting https://us06web.zoom.us/j/87474824424?pwd=ZjdRR3h6Uk4rUzBORVVxcC9VUzNXUT09

Meeting ID: 874 7482 4424 Passcode: 1007

-Партнери и соработници-